Друштво за управување со проекти
ЕОС Е.Е ДОО
Бр. 05-32/3
08.02 2023 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
III Бр.-Nr. 102-1624/5
13.02. 2023 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 119 став 1 точка 2 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.24/2019 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 87/21) и член 17 од Договорот за набавка на услуги, број 02-8238/2 од 09.12.2021 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Договор бр. 05-587/6 од 07.12.2021 година на Друштво за управување со проекти ЕОС Е.Е.ДОО Скопје за „Надзор над изградба на пристапен пат и распределителни цевководи за постројка за пречистување на вода за пиење во општина Карбинци", а во врска со доставеното барање за склучување на анекс договор од 03.02.2023 година на 13.02.2023 година се склучува следниот:

АНЕКС БР.1
НА
ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со адреса: Аминта Трети 2 - Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од министерот Љупчо Николовски (во понатамошниот текст Нарачател) од една страна,

и

2. Групна на понудувачи: Друштво за управување со проекти ЕОС Е.Е ДОО Скопје и ЕОС Консалтинг АД Рим Италија. Носител на групата - Друштво за управување со проекти ЕОС Е.Е ДОО Скопје, со адреса Митрополит Теодосиј Гологанов 59/2 – 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија ЕДБ 4057015529373, ЕМБС 7048335, Жиро Сметка 300000003878387 – Комерцијална банка АД Скопје, застапуван(о) од управителот Невен Биједиќ (во натамошниот текст Вршител на услугата), од друга страна.

Член 1

Со овој Анекс бр. 1 кон Договорот за набавка на услуги „Надзор над изградба на пристапен пат и распределителни цевководи за постројка за пречистување на вода за пиење во општина Карбинци", бр. 02-8238/2 од 09.12.2021 година се регулираат измени и дополнувања кои се однесуваат на временската рамка на договорот - динамиката на извршување на услугите, односно се врши измена и дополнување на Член 4 од основниот договор.

Член 2

Согласно измената, член 4 од Основниот договор гласи:

Услугите да се извршат во согласно со законските прописи за вршење на ваков вид работи (законот за градење), тендерската документација, техничката спецификација и доставената понуда.

Рокот за извршување на услугата за вршење на надзор над извршување на работите започнува да тече од денот на воведување на вршителот на услугата во работа од страна на нарачателот, а трае до целосно извршување на работите, што се предмет на надзор.

Рокот на извршување на работите, што се предмет на надзор е 15 (петнаесет) календарски месеци за изведба и дополнителни 24 месеци во гарантен период. Започнува од денот на воведувањето на Изведувачот во работа од страна на надзорниот инженер и завршува со завршување на гарантниот период и достава на завршен извештај за завршување на договорот.
Вкупното времетраење на договорот изнесува 39 месеци.

Член 3

Согласно член 102 став 7 од ЗЈН, во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката – Вршителот на услугата соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Член 4

Сите останати членови од Основниот Договор остануваат непроменети и обврзувачки за двете страни.

Член 5

Овој Анекс бр. 1 на Договорот стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Член 6

Овој Анекс бр. 1 наДоговор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои 4 (четири) за Нарачателот и 2 (два) за Вршителот на услугата.

НАРАЧАТЕЛ,
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Министер
Љупчо Николовски

ВРШИТЕЛ НА УСЛУГАТА,
Друштво за управување со проекти
ЕОС Е.Е ДОО Скопје
Управител
Невен Биједиќ

Изработил: Биљана Ѓорѓиевска – Бурагев
Мајда Ристовска
Контролирал: Лиле Симоновска
Бојан Дурнев
Согласен: Isni Jakupi

Прилог на Анекс договорот:
- Документација во врска со измените (член 119 став 7 од ЗЈН)